## Што е St George Community Services ?

Ние сме непрофитна организација која им нуди голем избор на услуги на постари лица со нарушено здравје, онеспособени лица и нивните негуватели. Сите услуги се дотираат.

## Во која област работиме?

Нашите услуги ги нудиме претежно во регионот на St George.  Меѓутоа, услугите Пазарање од дома и Преправки на домот може да се користат во регионот на Sutherland Shire.

## Каде се наоѓаме ?

Се наоѓаме на практично место во Carss Park каде има големо бесплатно паркиралиште. Свретете од Princes Highway право на Carwar Avenue. Следете го патот до раскрсницата со Carlton Crescent. Ние се наоѓаме на аголот.

*‘Поддршка и поврзаност на заедниците во регионот на St George и  Sutherland Shire ’*

hacc
home and community care
A JOINT COMMONWEALTH AND STATE/TERRITORY PROGRAM PROVIDING FUNDING AND ASSISTANCE FOR AUSTRALIANS IN NEED

За да дадете донација или да оставите наследство што ќе бидат ослободени од данок, посетете ги www.ourcommunity.com.au/stgcs



Учтиви

Професионални

Флексибилни

Разновидни

Непристрасни

Сигурни

Нудат чувство на припаѓање

1/72 Carwar Avenue, Carss Park
**Телефон 8558 4000**
Електронска пошта: admin@stgcs.com.au
**www.stgcs.org.au**

# St George Community Services Inc



## услуги во заедницата што ви помагаат да продолжите да бидете самостојни



## Како можеме да ви помогнеме?

Ако сте изнемоштено постаро лице или сте онеспособени, нашите услуги ќе ви помогнат да живеете самостојно во сопствениот дом.

Нашите услуги вклучуваат:

## Кулинарски експрес

Вкусни оброци што ви се испорачуваат дома.  Имаме огромен избор на оброци, вклучувајќи супи, десерти и закуски.

## Дневен престој за лица со деменција

Флексибилна програма со активности за клиенти кои имаат деменција.  Таа исто така им нуди одмор на негувателите.

## Помош во домот

Чистење на домот за лица од не-англиско говорно потекло.



## Одржување на домот

Рутинско одржување на домаќинството, вклучувајќи поправки на водоводни цевки, електрични апарати и мајсторски услуги.

## Преправки на домот

Специјализирани работи, вклучувајќи изработка на пристапни рампи и поставување на држачи за раце, итн. Оваа работа ја изведува нашиот тим на "занаетчии".

## Пазарење од дома

Лесен и практичен начин на пазарење. Едноставно телефонирајте во нашата канцеларија, кажете ни ја вашата нарачка по телефон и изберете го времето и денот за испорачување.  Не може да биде полесно!

## Шалтер за информации

Услуга за информирање на заедницата. "Шалтерот" се наоѓа во Westfield Hurstville и изобилува со  печатени материјали на различни теми. Таму работат услужливи



доброволци од 10 наутро до 3 попладне, од понеделник до петок.  Исто така, овластено лице може да ви завери документи.

## Помош при пазарење

Помош при пазарење на артикли. Клиентите се носат во трговскиот центар и се враќаат дома со минибус и при пазарењето им помагаат персоналот и доброволци.

## Друштвена поддршка

Излети и домашни посети за лица кои се друштвено изолирани и кои сакаат да се дружат. Излетите вклучуваат патување со автобус, ручек и кино, итн.

## Група за поддршка на лица кои преживеале мозочен удар

Групна средба за лица кои заздравуваат од последиците на мозочен удар.  Групата се среќава секој вторник во Mortdale RSL Club за дружење, вежбање, часови за комуницирање и ручек.